**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Валентина Спасова-Јованова**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Штип и Свети Николе**
**ул.Браќа Миладинови бр.4/А**
**тел. 032-387-387;**
**valentinasj@t.mk**

**Образец бр.66**

**И.бр. 369/2025**

Извршителот Валентина Спасова-Јованова од Штип, ул.Браќа Миладинови бр.4/А врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот-предлагач Друштво за трговија и услуги МЕЛТОН РЕНТ ДООЕЛ Штип преку полномошник Адвокат Методи Поп Методиев од Штип, засновано на извршната исправа ВПП1-1/25 од 05.03.2025 год. на Основен суд Штип и ГЖ-231/25 од 03.06.2025 год. на Апелационен суд Штип, против должниците-противниците Весна Димитрова од Штип и Мирослав Димитров од Штип, за спроведување на извршување на ден 20.10.2025 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со прво усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

-имот на КП 8313, дел 1, адреса Генерал Михајло Апостолски 10, број на зграда/друг објект 1, намена на зграда превземена при конверзија од стариот ел.систем А1-1, влез 1, кат ПО, број, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, со површина од 22 м2,

-имот на КП 8313, дел 1, адреса Генерал Михајло Апостолски 10, број на зграда/друг објект 1, намена на зграда превземена при конверзија од стариот ел.систем А1-1, влез 2, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, со површина од 22 м2,

-имот на КП 8313, дел 1, адреса Генерал Михајло Апостолски 10, број на зграда/друг објект 2, намена на зграда превземена при конверзија од стариот ел.систем А5-4, влез 1, кат ПР, број/намена на посебен/заеднички дел од зграда П, со површина од 11 м2,

-имот на КП 8317, дел 0, адреса Генерал Михајло Апостолски 10, број на зграда/друг објект 1, намена на зграда превземена при конверзија од стариот ел.систем А1-1, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, со површина од 34 м2,

-имот на КП 8313, дел 1, викано место/улица ГРАД, катастарска култура гз, гиз, во површина од 28 м2,

-имот на КП 8313, дел 1, викано место/улица ГРАД, катастарска култура гз, зпз 1, во површина од 30 м2,

-имот на КП 8313, дел 1, викано место/улица ГРАД, катастарска култура гз, зпз 2, во површина од 15 м2,

-имот на КП 8317, викано место/улица ГРАД, катастарска култура гз, гиз, во површина од 26 м2,
-имот на КП 8317, викано место/улица ГРАД, катастарска култура гз, зпз 1, во површина од 46 м2, запишана во имотен лист бр. 18492 за КО Штип 4, сосопственост на Друштво за трговија и услуги МЕЛТОН РЕНТ ДООЕЛ Штип, Весна Димитрова од Штип и Мирослав Димитров од Штип, заради физичка делба на недвижноста.

Продажбата ќе се одржи на ден **12.11.2025 година во 14,00 часот** во просториите на Извршител Валентина Спасова Јованова, ул.Браќа Миладинови бр.4А во Штип.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.369/2025 од 13.10.2025 година изнесува **1.576.676,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености нема. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста, која гаранција треба да се уплати најдоцна до 10.11.2025 година.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 380911375801165 која се води кај ПроКредит Банка АД Скопје и даночен број 5029006106087

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Слободен Печат и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Валентина Спасова-Јованова

Д.-на: доверител
должник

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВАЛЕНТИНА СПАСОВА ЈОВАНОВА ИЗВРШИТЕЛ Ш Т И П

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд Штип согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.